**20121293145**

**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Врз основа на член 72 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/2008, 158/2010, 17/2011, 51/2011 и 74/2012), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРЕМЕР И ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ПРЕМЕРОТ

Член 1

Во Правилникот за премер и обработка на податоците од премерот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2011 и 42/2012), во член 11 став (4) по зборот :„трафостаници“ се додаваат зборовите :„ и електронските комуникациски мрежи и средства (антенски столбови на земја).“

Член 2

Во член 19 став (3) по зборот:„земјата,“ се додаваат зборовите: „електронските комуникациски мрежи и средства,“.

Член 3

Во членот 20 во насловот : „Инфраструктура“ по точката : „Е1 - комунална инфраструктура“ се додаваат две алинеи кои гласат:

„- Е1 екоз 1 - електронска комуникациска опрема на земја

- Е1 екозг 2 - електронска комуникациска опрема на зграда“.

Во точката: „Е2- комунална супраструктура“ по алинејата три се додаваат пет нови алинеи кои гласат:

„- Е2 екгз 1 -електронски комуникациски градби (антенски столбови на земја, со висина до 15м)

- Е2 екгз 2 -електронски комуникациски градби (антенски столбови на земја, со висина од 15м до 30м)

- Е2 екгз 3 - електронски комуникациски градби (антенски столбови на земја, со висина над 30м)

- Е2 екгзг 1 - електронски комуникациски градби (антенски столбови на зграда, со висина до 6м)

- Е2 екгзг 2 - електронски комуникациски градби (антенски столбови на зграда, со висина над 6м)“.

Член 4

Прилогот број 2 се заменува со нов прилог.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а одредбите од член 3 ќе се применуваат по создавањето на технички услови за внесување на промените во електронската база на податоци.

Бр. 01-16594/1
15 октомври 2012 година
Скопје

Претседател
на Управен одбор,
**Димитар Димовски,** с.р.

Прилог бр.2

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

------------/------------ од ---------------

(Центар/ Одделение)

# ПОЛН И СКРАТЕН НАЗИВ НА КАТОВИТЕ

| **ПОЛН НАЗИВ** | **СКРАТЕН НАЗИВ** |
|---|---|
| подрум -3 | по-3 |
| подрум -2 | по-2 |
| подрум -1 | по-1 |
| Сутерен | Сут |
| Приземје | приз |
| мезанин 1 | мз 1 |
| мезанин 2 | мз 2 |
| кат 1 | к 1 |
| кат 2 | к 2 |
| кат 3 | к 3 |
| кат 4 | к 4 |
| кат 5 | к 5 |
| . | |
| . | |
| . | |
| мансарда (поткровје) 1 | ма 1 |
| мансарда (поткровје) 2 | ма 2 |
| меѓукат 1 | мк1 |
| меѓукат 2 | мк2 |
| меѓукат 3 | мк3 |
| . | |
| . | |
| . | |
| галерија1 | гл1 |
| галерија2 | гл2 |
| . | |
| . | |
| на кров | нк |

По потреба наведената листа на број на катови може да се дополнува.